МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС • ПОНЕДЕЛНИК 22 ФЕВРУАРИ 1999

*Викендов во Париз е затворена изложбата на фотографии „Отворен прозорец кон Македонија“. По Париз, поставката патува за Тулуз, а кон почетокот на наредниот месец ќе биде претставена и пред берлинската публика*



### ПО ПАРИЗ ФОТО - ИЗЛОЖБАТА НА ЌАМИЛОВ ПАТУВА ЗА БЕРЛИН

# Поднебје од светлини и бои

„Земете ја епопејата за Александар Македонски, додајте ги археолошките локалитети, спојте ги со иконите од најубавите манастири од Византиско време, додајте го културното влијание на Словените и наследството од Отоманското време, опкружете го сето тоа со планини и со спектакуларни езера и зачинете го со мешавината од видови и со уметноста на живеење - тоа е Македонија“

Ова е дел од текстот во каталогот, со кој беше најавена фото - изложбата на Румен Ќамилов во галеријата „Арматан“ во Париз, насловена „Отворен прозорец кон Македонија“. Оваа презентација беше придружна манифестација на големата изложба икони „Од средновековните трезори на Македонија“, со која пред љубопитната француска публика се дополни сликата за нашата земја како поднебје на бои и светлини.




Според замислата на авторот Румен Ќамилов, презентацијата на неговите пејсажи од Македонија беше замислена повеќе како инсталација, која овозможи освен визуелно, импресиите за Македонија да се примаат и преку звуци и мириси. Практично, секоја од фотографиите е поставена сферично, така што гледачот се наоѓа во фокусот на тој полукруг, редовно занемен од специјално поставеното осветлување што ја „оживува“ секоја фотографија и од звучните ефекти што го отсликуваат амбиентот што таа го прикажува.

Одржувањето на оваа презентација беше под покровителство на француската влада, а голема поддршка при тоа дадоа и организациите „Наследство без граници“ и „Пиктор“, кои се занимаваат со зачувување на светското културно наследство и со развој на неагресивен културен туризам.

Изложбата „Отворен прозорец кон Македонија“ во Париз произлезе од позитивните оценки што македонскиот штанд ги спечали на саемот „ЕКСПО“ во Лисабон. Станува збор за сличен концепт на презентација, при што е обновен изборот на изложените фотографии.

По затворањето на оваа изложба во Париз, поставката патува за Тулуз, а, според плановите, на почетокот на март, таа ќе биде изложена и пред берлинската публика.

Ј.Ф.